**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**бр. 05-199/3**
**13-01- 2023 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 13 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 80 став 4 и став 5 од истиот Закон, член 23 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, член 39 став 1 алинеи 1, 13 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно член 92 став 1 и член 95 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15) и Известувањето арх.бр.05-199/2 од 13.01.2023 година, м-р Драгица Љубевска, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, согласно Овластување, арх.бр.03-4905/1 од 28.12.2022 г., го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ПРЕКИНУВА постапката за наплата на издадените фактури за годишен надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување за 2023 г., на следните комерцијални и непрофитни радиодифузери, и тоа:
    1. ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0004 (наш арх.бр.05-109/1) од 12.01.2023 г.;
    2. ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, Фактура бр.2023-100-0005 (наш арх.бр.05-110/1) од 12.01.2023 г.;
    3. ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0006 (наш арх.бр.05-112/1) од 12.01.2023 г.;
    4. ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0007 (наш арх.бр.05-113/1) од 12.01.2023 г.;
    5. ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0008 (наш арх.бр.05-114/1) од 12.01.2023 г.;
    6. ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, Фактура бр.2023-100-0009 (наш арх.бр.05-115/1) од 12.01.2023 г.;
    7. РД НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје, Фактура бр.2023-100-0010 (наш арх.бр.05-116/1) од 12.01.2023 г.;
    8. ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај, Фактура бр.2023-100-0011 (наш арх.бр.05-117/1) од 12.01.2023 г.;
    9. ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0012 (наш арх.бр.05-118/1) од 12.01.2023 г.;
    10. ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0013 (наш арх.бр.05-119/1) од 12.01.2023 г.;
    11. ТДРДД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0014 (наш арх.бр.05-120/1) од 12.01.2023 г.;
    12. ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, Фактура бр.2023-100-0015 (наш арх.бр.05-121/1) од 12.01.2023 г.;
    13. ТРД ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, Фактура бр.2023-100-0016 (наш арх.бр.05-122/1) од 12.01.2023 г.;

14. ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, Фактура бр.2023-100-0017 (наш арх.бр.05-123/1) од 12.01.2023 г.;
15. ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, Фактура бр.2023-100-0018 (наш арх.бр.05-124/1) од 12.01.2023 г.;
16. ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, Фактура бр.2023-100-0019 (наш арх.бр.05-125/1) од 12.01.2023 г.;
17. ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, Фактура бр.2023-100-0020 (наш арх.бр.05-126/1) од 12.01.2023 г.;
18. ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ Велес, Фактура бр.2023-100-0021 (наш арх.бр.05-127/1) од 12.01.2023 г.;
19. ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, Фактура бр.2023-100-0022 (наш арх.бр.05-128/1) од 12.01.2023 г.;
20. ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши Струга ДООЕЛ Фактура бр.2023-100-0023 (наш арх.бр.05-129/1) од 12.01.2023 г.;
21. ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, Фактура бр.2023-100-0024 (наш арх.бр.05-130/1) од 12.01.2023 г.;
22. ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, Фактура бр.2023-100-0025 (наш арх.бр.05-131/1) од 12.01.2023 г.;
23. ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, Фактура бр.2023-100-0027 (наш арх.бр.05-135/1) од 12.01.2023 г.;
24. ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, Фактура бр.2023-100-0028 (наш арх.бр.05-136/1) од 12.01.2023 г.;
25. ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров,Јаневски и Гушев ДОО Скопје, Фактура бр.2023-100-0029 (наш арх.бр.05-137/1) од 12.01.2023 г.;
26. ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, Фактура бр.2023-100-0030 (наш арх.бр.05-138/1) од 12.01.2023 г.;
27. РТД МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, Фактура бр.2023-100-0031 (наш арх.бр.05-139/1) од 12.01.2023 г.;
28. РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с. Арачиново, Арачиново, Фактура бр.2023-100-0032 (наш арх.бр.05-140/1) од 12.01.2023 г.;
29. ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0033 (наш арх.бр.05-141/1) од 12.01.2023 г.;
30. ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, Фактура бр.2023-100-0034 (наш арх.бр.05-142/1) од 12.01.2023 г.;
31. ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0035 (наш арх.бр.05-143/1) од 12.01.2023 г.;
32. ТРД УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0036 (наш арх.бр.05-144/1) од 12.01.2023 г.;
33. ТРД КЛУБ ФМ ДОО Скопје, Фактура бр.2023-100-0037 (наш арх.бр.05-145/1) од 12.01.2023 г.;
34. ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0038 (наш арх.бр.05-146/1) од 12.01.2023 г.;
35. РТД РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0039 (наш арх.бр.05-147/1) од 12.01.2023 г.;
36. ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0040 (наш арх.бр.05-148/1) од 12.01.2023 г.;
37. ТРД СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0041 (наш арх.бр.05-149/1) од 12.01.2023 г.;
38. РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, Фактура бр.2023-100-0042 (наш арх.бр.05-150/1) од 12.01.2023 г.;
39. ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ – Скопје, Фактура бр.2023-100-0043 (наш арх.бр.05-151/1) од 12.01.2023 г.;
40. ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Фактура бр.2023-100-0044 (наш арх.бр.05-153/1) од 12.01.2023 г.;
41. НРОЕ УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св.Кирил и Методиј„ Скопје Фактура бр.2023-100-0045 (наш арх.бр.05-154/1) од 12.01.2023 г.;
42. ТРД РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, Фактура бр.2023-100-0046 (наш арх.бр.05-155/1) од 12.01.2023 г.;
43. ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ - Скопје, Фактура бр.2023-100-0047 (наш арх.бр.05-156/1) од 12.01.2023 г.;
44. ТРД РАДИО 106 Битола ДООЕЛ, Фактура бр.2023-100-0048 (наш арх.бр.05-158/1) од 12.01.2023 г.;

45. ТРД Б-97 ДООЕЛ Битола, Фактура бр.2023-100-0049 (наш арх.бр.05-159/1) од 12.01.2023 г.;
46. НРУ УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ БИТОЛА - Универзитет Свети Климент Охридски Битола, Фактура бр.2023-100-0050 (наш арх.бр.05-160/1) од 12.01.2023 г.;
47. ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово Фактура бр.2023-100-0051 (наш арх.бр.05-161/1) од 12.01.2023 г.;
48. ТРД ГОЛДИ ДООЕЛ Велес, Фактура бр.2023-100-0052 (наш арх.бр.05-162/1) од 12.01.2023 г.;
49. ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес, Фактура бр.2023-100-0053 (наш арх.бр.05-163/1) од 12.01.2023 г.;
50. ТРД РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, Фактура бр.2023-100-0054 (наш арх.бр.05-164/1) од 12.01.2023 г.;
51. ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, Фактура бр.2023-100-0055 (наш арх.бр.05-165/1) од 12.01.2023 г.;
52. ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДООЕЛ Гостивар, Фактура бр.2023-100-0056 (наш арх.бр.05-166/1) од 12.01.2023 г.;
53. ТРД РАДИО ТАЈМ Павле ДООЕЛ Гевгелија, Фактура бр.2023-100-0057 (наш арх.бр.05-167/1) од 12.01.2023 г.;
54. Трговско Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево, Фактура бр.2023-100-0058 (наш арх.бр.05-168/1) од 12.01.2023 г.;
55. ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, Фактура бр.2023-100-0059 (наш арх.бр.05-170/1) од 12.01.2023 г.;
56. ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, Фактура бр.2023-100-0060 (наш арх.бр.05-171/1) од 12.01.2023 г.;
57. ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Фактура бр.2023-100-0061 (наш арх.бр.05-172/1) од 12.01.2023 г.;
58. ТРД РАДИО АКОРД ДООЕЛ Кичево, Фактура бр.2023-100-0062 (наш арх.бр.05-173/1) од 12.01.2023 г.;
59. ТРД РАДИО МЕДИСОН ДООЕЛ Кичево, Фактура бр.2023-100-0063 (наш арх.бр.05-174/1) од 12.01.2023 г.;
60. ТДР РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, Фактура бр.2023-100-0064 (наш арх.бр.05-175/1) од 12.01.2023 г.;
61. РТД РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, Фактура бр.2023-100-0065 (наш арх.бр.05-176/1) од 12.01.2023 г.;
62. ТРД РАДИО БУМ ДООЕЛ Куманово, Фактура бр.2023-100-0066 (наш арх.бр.05-178/1) од 12.01.2023 г.;
63. ТРД РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Кавадарци, Фактура бр.2023-100-0067 (наш арх.бр.05-179/1) од 12.01.2023 г.;
64. ДОО за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, Фактура бр.2023-100-0068 (наш арх.бр.05-181/1) од 12.01.2023 г.;
65. ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, Фактура бр.2023-100-0069 (наш арх.бр.05-182/1) од 12.01.2023 г.;
66. РТД МАПЕДИТО-РАДИО МЕФФ ДООЕЛ Прилеп, Фактура бр.2023-100-0070 (наш арх.бр.05-183/1) од 12.01.2023 г.;
67. ТРД ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ, Фактура бр.2023-100-0071 (наш арх.бр.05-184/1) од 12.01.2023 г.;
68. ДРДТУ ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип, Фактура бр.2023-100-0072 (наш арх.бр.05-185/1) од 12.01.2023 г.;
69. ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, Фактура бр.2023-100-0073 (наш арх.бр.05-186/1) од 12.01.2023 г.;
70. ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, Фактура бр.2023-100-0074 (наш арх.бр.05-187/1) од 12.01.2023 г.;
71. ДТР ПЛЕЈ РАДИО Струга ДООЕЛ, Фактура бр.2023-100-0075 (наш арх.бр.05-188/1) од 12.01.2023 г.;
72. ДВРД радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Општина Струга ДООЕЛ, Фактура бр.2023-100-0076 (наш арх.бр.05-189/1) од 12.01.2023 г.;
73. ТРД ЕКСПРЕС-РАДИО ДООЕЛ Струмица, Фактура бр.2023-100-0077 (наш арх.бр.05-190/1) од 12.01.2023 г.;
74. ТРД ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица, Фактура бр.2023-100-0078 (наш арх.бр.05-191/1) од 12.01.2023 г.;
75. ТРД БЛЕТА ДООЕЛ Тетово, Фактура бр.2023-100-0079 (наш арх.бр.05-192/1) од 12.01.2023 г.;

76. ТРД РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово, Фактура бр.2023-100-0080 (наш арх.бр.05-193/1) од 12.01.2023 г.;
77. ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, Фактура бр.2023-100-0081 (наш арх.бр.05-194/1) од 12.01.2023 г.;
78. ТРД РАДИО 7 ДООЕЛ Тетово, Фактура бр.2023-100-0082 (наш арх.бр.05-195/1) од 12.01.2023 г.;
79. ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, Фактура бр.2023-100-0083 (наш арх.бр.05-196/1) од 12.01.2023 г.;
80. ТРД ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, Фактура бр.2023-100-0084 (наш арх.бр.05-197/1) од 12.01.2023 г. и
81. НРУ УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип, Фактура бр.2023-100-0085 (наш арх.бр.05-198/1) од 12.01.2023 г.

2. Прекинот на постапката од точка 1 од ова Решение, трае до добивање позитивно мислење за јавниот интерес од страна на надлежниот јавен орган, Министерство за правда на Република Северна Македонија.

3. Ова решение е конечно и се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Согласно член 80 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗАВМУ за дозволата за телевизиско или радио емитување радиодифузерите, со исклучок на јавниот радиодифузен сервис, плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата согласно со овој Закон. Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата (член 80 став 5 од ЗАВМУ).

Согласно член 23 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, фактурата за наплата на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување, за секоја тековна година се издава најдоцна 5 (пет) работни дена од датумот на доделувањето и важењето на дозволата за телевизиско или радио емитување.

Директорот на Агенцијата, на 21.12.2022 г. согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-4661/2 од 21.12.2022 г., донесе Одлука за доделување финансиска помош (донација) за радиодифузерите во 2023 година, во висина од 25% од надоместокот за дозволата (арх.бр.05-4695/1 од 21.12.2022 г.), врз основа на која Одлука се склучија 81 (осумдесет и еден) договор за донација помеѓу Агенцијата и комерцијалните и непрофитните радиодифузери наведени во точка 1. од ова Решение. Согласно точка бр.3 од цитираната Одлука, договорите за донација склучени помеѓу Агенцијата и радиодифузерите ќе се применуваат по добиеното позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија (РСМ).

Агенцијата, согласно рокот утврден во член 23 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиско и сметководствено работење на Агенцијата, на комерцијалните и непрофитни радиодифузери наведени во точка 1. на ова Решение, им издаде фактури за годишен надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување за 2023 г., наведени во точка 1. на ова Решение. Законскиот рок за плаќање на годишниот надоместок на дозволата за телевизиско или радио емитување е 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во член 92 став 1 во Законот за општа управна постапка е предвидено дека кога со закон е определено управен акт да донесува еден јавен орган по претходна согласност, потврда, одобрение или мислење од друг јавен орган, управниот акт се донесува откако другиот јавен орган дал согласност.

Во член 95 став 1 од Законот за општа управна постапка е утврдено дека ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие

решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (во натамошниот текст: претходно прашање), јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката.

На 28-ми декември 2022 г., како и на 4-ти, 9-ти, на 11-ти и на 13-ти јануари 2023 г., Агенцијата до Министерството за правда на РСМ достави 5 (пет) Барања за потврдување на јавен интерес на дадена донација или спонзорство (арх.бр.03-4900/1 од 28.12.2022 г., арх.бр.03-38/1 од 04.01.2023 г., арх.бр.03-64/1 од 09.01.2023 г., арх.бр.03-101/1 од 11.01.2023 г. и арх.бр.03-216/1 од 13.01.2023 г.) по основ на дадените донации на радиодифузерите.

Заклучно до денот на донесување на ова Решение, до Агенцијата не се доставени позитивни мислења за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ, по основ на дадените донации на радиодифузерите, поради што потребно е постапката од точка 1 од ова Решение, да се прекине до доставување на позитивно мислење за јавниот интерес од страна на надлежниот јавен орган, Министерство за правда на РСМ.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1, 13 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 80 став 4 и став 5 од истиот Закон, член 23 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 39 став 1 алинеи 1, 13 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 92 став 1 и член 95 став 1 од Законот за општата управна постапка и Известувањето арх.бр.05-199/2 од 13.01.2023 година, м-р Драгица Љубевска, овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, согласно Овластување, арх.бр.03-4905/1 од 28.12.2022 г. донесе Решение како во диспозитивот, кое е конечно и се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**по овластување на директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Правна поука:** Против ова Решение, радиодифузерите може да поднесат тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на неговиот прием.

**Примерок од Решението да се достави до:**
- Министерство за правда на РСМ;
- Сите комерцијални и непрофитни радиодифузери наведени во точка бр.1. на Решението;
- Сектор за финансии и логистика;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива на Агенцијата.